**ЗАПИСНИК**
**од 20 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 04.06.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна, породилно отсуство).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костова од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата. Г-дин Петрушевски во однос на дневниот ред, најави дека ќе се разгледува една точка под Разно со наслов: Предлог-Правилник за изменување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Други предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.05.2015 година.

2. Предлог - Стратегија за развој на информатички и комуникациски технологии и акциски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-2018 година.

3. Предлог - Одлука за отпис на движни ствари на Агенцијата и Предлог - Одлука за давање движни ствари на трајно користење без надомест.

4. Информација за констатирано прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на ТРД РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе.

5. Предлог – Одлука за набавка на оптички и коаксијален кабел за потребите на деловниот објект „Палата Панко Брашнаров".

6. Барање бр.04-3712/1 од 01.06.2015 година поднесено од Арѓенд Џелили.

7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.05.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Стратегија за развој на информатички и комуникациски технологии и акциски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-2018 година. Објасни дека таа исто како и Стратегијата за управување со ризици, претставува една од обврските на Агенцијата, посочена од Државниот завод за ревизија.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, меѓу другото објасни дека ИКТ стратегијата претставува клучен долгорочен план за постигнување на стратешките цели и обезбедува насока за планирање и инвестиции во информатичко-комуникациската технологија, и истата е поставена во контекстот на брзо менување на технологијата во работната средина на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски, во однос на содржината, имаше забелешка која се наоѓаше на страна 26 од вкупниот доставен материјал за седницата, во 3 и 4 пасус, односно во речениците „Ваквата опрема се очекува да биде имплементирана во објектот кој е во сопственост на Агенцијата (Палата „Панко Брашнаров")", и „Во наредната 2016 година се очекува целосна имплементација на проектот ИПА 2011, „Набавка на опрема за системот за мониторинг на аудио и видео содржини за потребите на Агенцијата..". Негова сугестија беше зборовите „се очекува", да се заменат со зборовите „е во план" или "се предвидува". Причината е, како што рече, доколку во текстот стојат зборовите „се очекува", е исто како да се седи од страна и се гледа дали другите ќе го сработат, а доколку се употребени зборовите „е во план", тоа би значело дека Агенцијата ќе биде активен чинител. Од таа причина предложи да се коригира, затоа што според него е поисправно.

Г-дин Петрушевски рече дека вработените од надлежниот сектор вложиле голем труд за изработка на стратегијата. Рече дека е тешко да се предвидат сите работи, но секогаш е добро да се има ваква стратегија и да се работи континуирано, со тоа што потенцира дека веројатно секоја наредна година ќе се врши ажурирање во согласност со развојот на новите технологии и стандарди.

Г-дин Фиданоски го поздрави и поддржа предлогот за етапна замена на технологијата и констатира дека тоа е дел кој најбрзо прогресира и дека е тешко да се планира за една година нанапред а камо ли за 3-4 години. До г-дин Трајчевски го постави прашањето, кога се очекува да биде во функција опремата за системот за мониторинг на аудио и видео содржини за потребите на Агенцијата?

Г-дин Трајчевски одговори дека според документацијата што е предадена до Делегација на европска комисија, во текот на јуни 2015 година треба да биде објавен јавниот повик од страна на делегацијата. Се очекува целата процедура да заврши во текот на ноември 2015 година, додека имплементација на проектот ИПА 2011, „Набавка на опрема за системот за мониторинг на аудио и видео содржини за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги", се очекува да профункционира во текот на првото тромесечје од 2016 година.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-3785/1 од 03.06.2015 година и едногласно донесе Стратегија за развој на информатички и комуникациски технологии и акциски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-2018 година, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ја изврши корекцијата предложена од г-дин Фиданоски, односно во пасус 3 и 4 зборовите „се очекува" да ги замени со зборовите „се планира".

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената стратегија да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог - Одлуката за отпис на движни ствари на Агенцијата и Предлог - Одлуката за давање движни ствари на трајно користење без надомест. Објасни дека при преселувањето во новите простории, дел од опремата која е во сопственост на Агенцијата нема да се користи, а и дел од опремата која е наведена во листите, Агенцијата веќе подолго време не ја користи. Објасни дека на пример клима уредите нема да бидат потребни во новиот објект, бидејќи ќе има централно ладење, а демонтажата на постојните клими изискува финансиски трошок. Од таа причина се предлага опремата да се даде на Агенција за разузнавање и на нивен трошок ќе биде демонтажата и транспортот. За овој предлог ќе биде информирана Владата на Република Македонија да ја одобри одлуката. Предложи доколку членовите на Советот се заинтересирани за подетални информации, да се обратат кај вработените кои работеле на оваа проблематика.

Г-дин Петрушевски рече дека целосно го разгледал материјалот по оваа точка, го прочитал и Законот според кој е постапено и рече дека ќе ги поддржи предлог одлуките.

Г-дин Фетаи во однос на точката праша дали постоеле други можности и комбинации за давање на стварите за трајно користење, бидејќи се работи за голем број кои Агенцијата ги поседува. Праша дали е директно дојдено да бидат предадени на Агенцијата за разузнавање, дали имало и други можности како на пример на училишта, болници или сл. или тоа било барање или укажување од Владата на Република Македонија?

Г-дин Трајчевски одговори дека првично било планирано сите работи наведени во листите за отпис да бидат предадени на Службата за општи и заеднички работи, а потоа тие да ги поделат на училишта, општини, односно онаму каде се јавила потреба за истите. Но тоа значело дека Агенцијата треба да ја плати демонтажата, превоз и сл. Во таа насока Службата за општи и заеднички работи, која веројатно прибира барања од други институции, посочиле дека Агенцијата за разузнавање има потреба од стварите. По неколку дена претставник од Агенцијата за разузнавање дошол во АААВМУ ги видел стварите на лице место и се согласил да ги земат и да ги преземат потребните трошоци.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-3765/1 од 02.06.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која ќе се изврши отпис на движни ствари, за кои на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, престанува

потребата за нивно користење по вселувањето во новиот објект Палата "Панко Брашнаров" – Скопје, кои се наведени во Листите за отпис бр.1 и бр.2 и се составен дел на Одлуката.

Отпишаните средства ќе паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот одлучи до Владата на Република Македонија да се достави Предлог-Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари без надомест на друг државен орган (Агенција за разузнавање), кој има потреба од користење на движни ствари, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, текстот на Предлог-Одлуката да го достави до Секретаријатот за законодавство, за давање мислење/оценка од нивна страна.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, по одобрување на одлуката од страна на Владата на Република Македонија, истата да ја објави во Службен весник на Република Македонија.

Советот даде одобрение Директорот на Агенцијата, во име на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да потпише Договор за давање на трајно користење на движни ствари без надомест со Агенцијата за разузнавање.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, ја образложи информацијата за констатирано прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на ТРД РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе. Објасни дека кај две локални радиостаници било констатирано дека како сопственик се јавува правното лице Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје, и тоа кај: Трговско радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, со учество од 15% од основната главнина, односно со паричен влог од 2.203,00 евра, и Трговско радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, со учество од 11,66% од основната главнина, односно со паричен влог од 39.300,00 денари. Во членот 38–Посебна забрана за стекнување на сопственост, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е утврдено дека „политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснoвачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите.".Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија Ц.О. Скопје е основан со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и според одредбите од овој закон, има својство на правно лице. Според податоците од тековната состојба од Централен регистар на Република Македонија, сопственоста на ова правно лице е државна. Од таа причина се предлага да им се наложи на радиодифузерите во рок кој не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 90 дена, да ја усогласат својата сопственичка структура со одредбите законот. Во спротивно ќе се започне постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Трајчевски предложи рокот да биде не пократок од 90 дена за усогласување на сопственичка структура со одредбите законот, бидејќи процедурата е сложена, треба време, и причина повеќе што започнува периодот на годишните одмори. Исто така предложи да се прати допис до Фондот на пензиско и инвалидско

осигурување на Македонија Ц.О. Скопје и до Владата на Република Македонија, во врска со прекршувањето на член 38 од ЗААВМУ, за да истовремено сите бидат известени за одлуката на Советот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-3781/1 од 03.06.2015 година и едногласно донесе Одлуки за констатирано прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе.

Советот одлучи да им наложи на радиодифузерите во рок кој не може да биде пократок од 90 дена, да ја усогласат својата сопственичка структура со одредбите од овој закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да испрати допис до фондот за пензиското и инвалидско осигурување на Македонија Ц. О. Скопје и до Владата на Република Македонија со кој ќе ги извести за констатираното прекршување на член 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид и од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведените одлуки да ги објави на веб страната на Агенцијата

**Точка 5**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити ја образложи Предлог – Одлуката за набавка на оптички и коаксијален кабел за потребите на деловниот објект „Палата Панко Брашнаров". Објасни дека за потребата од поврзување на сервер салата која се наоѓа на третиот спрат од објектот со просторијата која се наоѓа во подрумот на зградата, потребна е набавка на 60 метри оптички кабел со 48 влакна, како и три изводи од коаксијален кабел, кои се неопходни заради поврзување на систем салата со рамниот дел од кровот на зградата каде ќе бидат поставени сателитските антени. Вкупната должина на коаксијалниот кабел треба да изнесува 305 метри.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-3763/1 од 02.06.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на оптички и коаксијален кабел за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно за обезбедување на оптички и коаксијален кабел за потребите на деловниот објект на Агенцијата, ПАЛАТА „ПАНКО БРАШНАРОВ", со која се одобруваат финансиски средства (во износ од 12.952,00 денари без пресметан ДДВ и износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 2.331,00 денари – вкупна цена со вклучен ДДВ изнесува 15.284,00 денари), од страна на Трговско друштво за производство, промет и услуги КАБТЕЛ ДООЕЛ Скопје, според нивната доставена понуда, наш бр.05-3519/1 од 19.05.2015 година (бр.0302/74 од 18.05.2015 година).

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година.

Се задолжи Сектор за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавни набавки.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи барањето бр.04-3712/1 од 01.06.2015 година поднесено од Арѓенд Џелили. Објасни дека разговарал со вработениот за кој рече дека во изминатиот период имал зголемен обем на работа, така што покрај редовните работни обврски во неговиот матичен сектор, бил ангажиран и како технички офицер за имплементација (technical implementation officer) на проектот „Слобода на изразување - Поддршка на медиумските реформи – (Freedom of Expression – Support to Media Reforms) односно работел како во делот на „Twinning", така и во делот на набавка на опрема за систем за мониторирање за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Supply of equipment for Monitoring System (MS) for the purposes of the Agency for audio and audiovisual media services").

Г-дин Петрушевски се изјасни дека ќе го поддржи барањето.

Со Одлука на Советот за радиодифузија односно Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.02-5126/1 од 25.12.2013 година и бр.02-595/1 од 29.01.2014 година, како корисник на средства исплатени од страна на Советот за радиодифузија како давател на финансиски средства за упис на постдипломски студии на Факултетот на Југоисточна Европа, насока – Менаџирање на база на податоци, вработениот Аргенд Џелили, беше задолжен најдоцна до 30-ти јуни 2015 година, да ги заврши постдипломските студии, односно во спротивно да ги врати исплатените средства со камата согласно позитивните законски прописи

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Барањето бр.04-3712/1 од 01.06.2015 година поднесено од Арѓенд Џелили и одлучи да го продолжи рокот за завршување на постдипломските студии заклучно со 31.12.2015 година.

**Точка 7**

Разно.

Г-дин Трајчевски објасни дека заради поволностите во однос на користењето на мобилната телефонија по повод промената на тарифните модели кои нудат бесплатни разговори кон сите мрежи, се јави потреба од намалување на износот на ограничувањето на висината на сметките на корисниците на службените мобилни телефони во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За таа цел, се изработи Правилник за измена на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-3764/1 од 02.06.2015 година и едногласно донесе Правилник за изменување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Во Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата, во членот 2 (Право на користење на службен мобилен телефон и 3Г УСБ модем со ограничување на износот на сметката), ставот (1) се менува и гласи:

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи донесениот правилник да го објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да изработи пречистен текст на горенаведениот подзаконски акт.

Бр. 02-3748/8
18.06.2015 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ